# ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Вкупно 22 дела преведени на македонски јазик од областа на транспортот и механиката на 24 јануари беа промовирани на Машинскиот факултет од страна на премиерот Никола Груевски, министерот за транспорт и врски Миле Јанакиевски и министерот за образование Никола Тодоров.




Промоцијата беше во рамките на проектот поддржан од владата на Македонија "Превод на 500 стручни, научни книги од областа на транспортот, од кои се учи на врвните факултети и универзитети во САД и Англија а од областа на правото во Франција и Германија".



"Сите овие книги нудат нови хоризонти и нови знаења, кои во минатото беа тешко достапни, или пак воопшто не беа достапни, како за нашите студенти,

така и за професорите. Тие ќе претставуваат моќно оружје, во рацете на нашите студенти, што ќе им овозможи повеќе знаење, вештини и поголема конкурентност на домашниот и на светскиот пазар на труд" изјави премиерот Никола Груевски на денешната промоција и додаде дека до крајот на годинава ќе бидат испечатени сите 500 дела.

Машинскиот факултет како благодарност за успешната соработка со владата и по повод 50 години постоење на премиерот Груевски му додели плакета.



"Овие наслови како и сите минати и идни изданија од овој проект даваат можност да се биде во тек со современите случувања, како и со најновите теоретски и практични содржини достапни за студентската популација од развиените земји" изјави министерот Тодоров на промоцијата. Министерот додаде дека веќе отвориле нов тендер за превод на уште 500 дела од овој проект.

Ова беше 12-та промоција досега и за веќе 217 испечатени дела од владиниот проект, се прават напори да се најдат и во комерцијална употреба.